РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ц.о.
Бр. 01-21
08.01. 2026 год
Скудриње-Маврово и Ростуше

**ООУ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ " – СКУДРИЊЕ, МАВРОВО И РОСТУШЕ**



# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на:

## ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
## С К У Д Р И Њ Е,
## МАВРОВО И РОСТУШЕ

ЗА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2024 / 2025 година

Скудриње, Јануари 2025 година

# Содржина на Полугодишниот извештај за учебната 2024/2025

**Вовед**

**1.Општи податоци за основното училиште.....5**

1.1.Табела со општи податоци.....

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште.....5

**2. Податоци за условите за работа на основното училиште.....6**

2.1. Мапа на основното училиште

2.2. Податоци за училиштниот простор

2.3. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

2.4. Податоци за училишната библиотека .....7

2.5. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

**3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште.....8**

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

3.2. Податоци за раководните лица.....9

3.3. Податоци за воспитувачите

3.4. Податоци за вработените административни службеници

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

**4.Материјално-финансиско работење на основното училиште .....10**

**5.Мисија и визија**

**6.„LESSONS LEAMED“- Веќе научено/стекнати искуства**

**7.Подрачја на промени, приоритети и цели .....11**

7.1. План за евалуација на акциските планови

**8.Програми и организација на работата во основното училиште**

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште.....12

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите13

8.3. Работа во смени

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

8.5. Проширена програма

8.6. Комбинирани паралелки

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

8.9. Изборна настава.....14

8.10. Дополнителна настава

8.11. Додатна настава

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

8.14. Туторска поддршка на учениците

8.15. План на образовниот медијатор

**9.Воннаставни активности**

**10.Реализирани натпревари на учениците ..... 15**

**11. Унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција..... 15**

**12. Проекти што се реализираат во нашето училиште**

**13. Поддршка на учениците**

13.1. Постигнување на учениците

13.2. Професионална ориентација на учениците

13.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

**14. Оценување**

14.1. Видови оценување и календар на оценувањето

14.2. Тим за следење, анализа и поддршка

14.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

14.4.Самоевалуација на училиштето

**15. Безбедност во училиштето** ....................................................................................................15
**16. Грижа за здравјето** .................................................................................................................... 16
16.1. Хигиена во училиштето
16.2. Систематски прегледи
16.3. Вакцинирање
16.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата
**17. Училишна клима**
17.1. Дисциплина
17.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
17.3. Етички кодекси
17.4. Односи меѓу сите структури во училиштето
**18. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** ....................................................17
18.1. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар
**19. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**
19.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
**20. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**..........................................................18

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**....20

1. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ***...........................................................20
2. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР***..........................................21
3. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ***.............................................21
4. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ***.....................................21
5. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ***.............................................................22
6. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ.......................................23
7. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ***.............................................24
8. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ СОВЕТИ***....................................24
9. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ***...............................24
10. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ***...............................................25
11. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПАРАЛЕЛКАТА***................................25
12. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ И УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ*** ........................................................................................................................................ 25
13. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***...................................................................................................................26
14. ***РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ***..........................................................................26
15. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО***.......27
16. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ***...................28
17. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА***......................28
18. ***ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА САНАЦИЈА И ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА СО НОВИ НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ИЗГРАДБА НА НОВА СОДРЖИНИ ВО УЧИЛИШТЕТО:ПАРК,ЛЕТНИКОВЕЦ,КАНДЕЛАБРИ, ТОАЛЕТИ, ДЕТСКИ ПАРК***...............................................................................................29
19. *ПОЛУГОДИШЕН РЕКАПИТУЛАР НА НИВО НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УСПЕХОТ, РЕДОВНОСТА И СРЕДНИОТ ПРОСЕК НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ*.....................................31

**МОТО: КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА**

# ВОВЕД

Согласно Законот за основно образование и Статутот на ООУ „Блаже Конески “, Скудриње, директорот поднесува Полугодишен извештај за работата на училиштето во првото полугодие во учебната 2024/2025 година, кој е изготвен врз основа на реализираните активности планирани согласно Годишната програма за работа.

Пред почетокот на учебната година, беше изготвена Годишната програма за работа на училиштето и предложена од стручните органи на училиштето и Училишниот одбор до Советот на општина Маврово и Ростуше и истата усвоена согласно законските обврски.

Првото полугодие во учебната 2024/2025 година започна на 2-ри Септември, со пригодна свеченост по повод приемот на првачињата од деветгодишното основно образование, а заврши на 31.12.2024 година со новогодишна програма.

Документи врз кои се темели Полугодишниот извештај:

- Годишната програма за работа на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Националната програма за развој на образованието;
- Наставните планови и програми;
- Концепцијата за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Програмата за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето;

Во Извештајот се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и содржи факти и информации од аспект на:

- ✓ ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата;
- ✓ ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси и сл.;
- ✓ ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови;
- ✓ ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: Совет на родители, Училишен одбор, одделенски заедници, детска организација, ученички клубови, спортски активности и сл.;
- ✓ ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес;
- ✓ ангажирање во реализацијата на програмата за стручно усовршување и професионален развој на наставниот и ненаставниот кадарот;
- ✓ соработка со родителите, соработка со општината, соработка со бизнис-заедницата, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;
- ✓ ангажирање во реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;
- ✓ ангажирање на стручните соработници во реализација на нивните програми.

Извештајот е разгледан од Наставничкиот совет, а ќе биде доставен до:

-Државен просветен инспекторат

-Биро за развој на образованието

-Општина Маврово и Ростуше

-Совет на родители

-Училишен одбор

## 1.Општи податоци за основното училиште

### 1.1 Табела со општи податоци

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ"БЛАЖЕ КОНЕСКИ"-СКУДРИЊЕ |
| **адреса, општина, место** | С. Скудриње-1257, Општина Маврово и Ростуше, |
| **телефон** | 042/470-309 |
| **фах** | 042/470-309 |
| **веб страна** | ooublazekoneskiskudrinje.edu.mk |
| **е-маил** | blazekoneskiskud@gmail.com |
| **основано од** | Министерство за образование и наука |
| **Верификација- број на актот** | 1014/65 од 1.09.1996 година |
| **Година на верификација** | 1996 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1961 |
| **Површена на објектот** | 1120м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 650м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 200м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Дрва- Парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 17 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 3 |
| **Број на смени** | 2 |

### 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| **Училишен одбор** | Училишниот одбор се состои од седум членови и тоа: Наставнички совет – (Ј.Мустафа, А.Медат, Ј.Ариф), Совет на родители (Ј.Адмир, Б.Сабахудин, М.Мирвет) и основач (Р.Мухамед) |
| **Совет на родители** | 17- Членови на совет на родители, односно од секоја паралелка по еден преставник:(Ј.Адмир,М.Мирвет,Сабахудин Билали, Шабан Абдули, Бајрам Муслиу, Самир Ејупи, Ерхан Зунуни,Асан Беќири, Гадафи Абази,Пајазит Мурати, Фатон Зеќили, Буран Мехмеди, Мухамед Јонузоски,Зафер Алију, Назиф Алију ) |
| **Стручни активи** | Стручен актив на одделенска настава-Претседател:Абдули Семир<br>Стручен актив во предметна настава-Претседател: Арслани Медат |
| **Одделенски совет** | Од прво до петто одделение 15 наставника<br>Од шесто до деветто одделение 13 наставника |
| **Членови на училиштниот инклузивен тим** | Мерхан Рамадани -Педагог и претседател на тимот;<br>Бешир Рамадани-директор<br>Ариф Јонузоски-одд.наставник<br>Семир Абдули- одд.наставни<br>(од родители):Мухамед Јонузоски и Ќенан Елези.<br>Спец.едукатор од ОУ,,Златан Стремац,,-Скопје |
| **Заедница на паралелката** | Вкупно запишани 118 ученика<br>Вкупно 16 паралелки<br>Предметна настава 7 паралелки<br>Одделенска настава 6 паралелки<br>Комбинирани 3 паралелки |
| **Ученички парламент** | Ученичкиот парламент брои 16 членови кои се претседатели на одделенските заедници, а претседател е ученикот Мехмеди Асмир |
| **Ученички правобранител** | За ученички правобранител беше избрана ученичката Муслиу Алејна |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

### *2.1. Мапа на основното училиште*





ООУ,,Блаже Конески,, во Скудриње е стара зграда со тврд материјал(камен) само приземје.Располага со 11 училници,1 кабинет,една библиотека и 4 помошни простории.

Училиштето во ПП-Присојница е исто така стара зграда со тврд материјал и располага со две училници,една канцеларија и санитарен чвор,како и остава за дрва.

ПП-Аџиевци располага со една училница и една канцеларија и подрумски простор за дрва.Санитарниот јазол е сместен во кругот на училиштето, ограден со заштитна ограда.

### *2.2. Податоци за училиштниот простор*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 3 |
| **Училишен двор** | училишен двор спортски терен и зелен појас |
| **Бруто површина** | 2500 м2 |
| **Нето површина** | 1120м2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 1 |
| **Број на училници** | 11 |
| **Број на помошни простории** | 6 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење на дрва и дрва во подрачните |

***Просто**р*

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 760 | 3 | 2 за реноновирање |
| Кабинети | 1 | 72 | 3 | / |
| Библиотека | 1 | 49 | 2 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | / | / | / | / |
| Канцеларии | 6 | 162 | 3 | |
| Училиштен двор | 2 | 650 | 2 | Уредување на дворот земјени површини |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 60 | 1 | Уредување на просторот |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Котлара | 1 | 56 | 3 | |

### *2.3. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“*

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Оделенска настава | Оделенска настава е опремена со сликовници и игри согласно нормативот, | Компјутерска технологија |
| Предметна настава | По сите предмети има обезбедено и се користат нагледни средства согласно нормативот за основно образование како и наставни средства изготвени од страна на наставниците. | Компјутерска технологија и подобрена интернет конекција за обезбедување икт настава |
| | Училиштето располага со аудио-визуелна, компјутерска, и друг вид наставни средства.Поседува 45 монитори, 37 компјутери, 62 мали лаптопи и 9 фотокопири и принтери 10 телевизори и наставно техничка опрема за изведување на наставата.<br>Потрено е обновување на компјутерската технологија.<br>Инвентарот е прилично нов и одржан и е во функција за нормално изведување на наставата.<br>Подрачните училишта,исто така , во целост се опремени со материјално-технички средства.<br>Во училишните згради во Скудриње и Присојница недостасува соодветно уредување на таваните, подовите и уредување на спортски терени во Присојница,како и хортикултурно уредување во трите училишта. | Во сите училишни згради недостасува соодветно уредување на зидовите и таваните заради стара градба и уредување на спортски терени,како и хортикултурно уредување. |

### *2.4. Податоци за училишната библиотека*

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Лектири | 1198 |
| 2 | Стручна литература | 980 |
| 3 | По наставен јазик | 1186 |
| 4 | Друга литература | 881 |
| 5 | Српско – хрватска литература | 1185 |
| вкупно | | 5430 |

### 2.5. **План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година**

| **Што се преуредуваше или обновува** | **Површина во $m^2$** | **Намена** |
|---|---|---|
| Доуредување на спортското игралиште | 150м2 | подобра хигиена во училниците<br>Безбедност за учениците |
| Замена на подот во училници во Аџиевци; | 50м2 | Подобри хигиенски услови за реализација на наставата |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### *3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа*

Во учебната 2024/2025 година во првото полугодие воспитно образовниот процес го реализираа следниве наставници и стручни соработници:

| Ред Бр. | Име и презиме на наставникот | Паралелка, Наставен предмет | Вкупно часови | Одделен ски час | Статус во училиштето |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Асан Елези | Прво одделение – Одделенски наставник | Полно време | I - одд | Неопределено |
| 2 | Дашмир Бардуљ | Второ одделение – Одделенски наставник | Полно време | II - одд | Определено до 31.08.2025 |
| 3 | Сеит Сејдију | Второ одделение – Одделенски наставник | Полно време | II - одд | Определено до 31.08.2025 |
| 4 | Семир Абдули | Трето одделение – Одделенски наставник | Полно време | III - одд | Неопределено |
| 5. | Мустафа Велију | Четврто одделение – Одделенски наставник | Полно време | IV одд | Неопределено |
| 6 | Ариф Јонузоски | Петто одделение – Одделенски наставник | Полно време | V одд | Неопределено |
| 7 | Шефкија Рамаданоски | Комбинирана I-V одделение – Одделенски наставник | Полно време | I-II-IV- одд | Неопределено |
| 8 | Урфетка Муратоска | Комбинирана II -IV одделение – Одд. наставник | Полно време | III-V - одд | Неопределено |
| 9 | Емир Мирто | Комбинирана I,II,III,IV,V одделение – Одд. наставник | Полно време | II-IV – V одд | Неопределено |
| 10 | Алмедина Абдули | Англиски јазик и дополна | Полно време | не | Определено до 31.08.2025 |
| 11 | Аџија Мурати | Англиски јазик: Скудриње | Полно време | не | Определено до 31.08.2025 |
| 12 | Азра Зунуни | Физичко и техничко | Полно време | не | Определено до 31.08.2025 |
| 13 | Санида Рамаданоска | Природни науки: и дополна Ростуше | Полно време | не | Определено до 31.08.2025 |
| 14 | Салмедин Елези | Наставник по Музичко образование и Турски јазик | Полно време) | да | Определено до 31.08.2025 |
| 15 | Марија Цветкоска | Наставник по Македонски јазик | Полно време | да | Определено до 31.08.2025 |
| 16 | Мустафа Јакупоски | Професор по Хемија, Физика, природни науки | Полно време | да | Неопределено |
| 17 | Медат Арслани | Професор по Географија | 12 часа | НЕ | Неопределено |
| 18 | Емсел Шабани | Професор по Информатика и техничко образование ЕСАРУ | Полно време | да | Неопределено |
| 19 | Мухамед Јонузоски | Професор по Физичко образование | Полно време | да | Неопределено |
| 20 | Фикрет Максути | Проф по Географија, Биологија | Полно време | да | Определено до 31.08.2025 |
| 21 | Мухамедали Мурати | Наставник по Етика, и дополна во Ростуше | Полно време | НЕ | Определено до 31.08.2025 |
| 22 | Бехим Јакупоски | Италијански, програмирање, македонски | Полно време | не | определено |
| 23 | Асмер Авмедоски | Историја, Граѓанско, изборен | Полно време | не | определено |
| 24 | Ермин Лазими | Англиски јазик | Полно време | **не** | определено |
| 25 | Мелиха Дестаноска | Математика | Полно време | НЕ | Определено до 31.08.2025 |
| 26 | Мерхан Рамадани | Педагог | Полно време | // | определено |
| 27 | Арафат Рамадани | Библиотекар | Полно време | // | Неопределено |

## 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | ботно место | Ментор/ Советник | дини на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бешир Рамадани | 1971 | Дипломиран музичар теоретича - педагог | ВСС | Директор | // | 28 |

### *3.3. Податоци за вработените административни службеници*

| Ред. Бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен а образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алија Незири | 1963 | ССС | ССС | Секр-благајник | 39 |

### *3.4. Податоци за вработените помошно-технички лица*

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Муда Зунуни | 1965 | основно | ОО | хигиеничар | 25 |
| 2 | Нусрет Абдули | 1969 | основно | ОО | хигиенича | 17 |
| 3 | Фатмир Далипи | 1977 | основно | ОО | хигиенича | 25 |
| 4 | Орхан Садику | 1973 | основно | ОО | хигиенича | 27 |
| 5 | Шефаит Рамадани | 1969 | основно | ОО | Ноќ.чувар | 14 |
| 6 | | | | | | |

### 3.5. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | еменски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | По потреба ќе се бара од ОУСП,,Златан Стремац од Скопје | | | | | |

### *3.6. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар*

| Директор | | | Наставници | | | Административно технички персонал | | | Стручни соработници | | | Вкупно вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| 1 | 0 | **1** | 19 | 6 | **25** | 5 | 1 | **6** | 2 | 0 | **2** | 29 | 8 | **34** |

### 3.*7. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените*

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 26 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 5 |

### *3.8. Вкупни податоци за старосната структура на вработените*

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 15 |
| 31-40 | 3 |
| 41-50 | 15 |
| 61 - пензија | 1 |

### 3.9. Податоци за учениците во основното училиште

| Вкупно запишани | Испишани | Вкупно ја започнале учебната 2024/2025 год. |
|---|---|---|
| **127 ученици** | **9 заминале во ООУ „Хајан Селмани“ Ростуше** | **118 ученици** |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Општинското основно училиште „Блаже Конески“ – Скудриње во целост ги почитува и ги спроведува законските норми, односно основните закони и подзаконски акти што произлегуваат. Основен закон според кој се води Училиштето е Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19). Подзаконските акти се правилниците и уредбите кои произлегуваат од Министерството за образование и наука. Постојано се спроведува надзор во финансиското работење, од страна на органите на управување и органите надлежни за основното образование.

## 5. Мисија и визија

При креирањето на мисијата на училиштето „Блаже Конески“ – Скудриње сакаме да, достигнуваме врвни резултати на секое поле и желбата за континуирано подобрување, високите очекувања, отвореноста, искреноста и меѓусебната доверба ни овозможуваат да создадеме: средина која ќе поддржува и предизвикува висококвалитетно образование; развој на карактер, чувство за одговорност и посветеност на учениците; препознавање и наградување на напредокот и високите достигнувања; Современ интегриран образовен модел, кој ги негува, поттикнува и интегрира мултиетничките вредности, а во исто време ги промовира и поддржува партнерските односи помеѓу учениците, наставниците и родителите, го поттикнува вклучувањето на заедницата преку воспоставување хармонични односи, кои се темелат на почитување на разликите. Тоа ќе придонесе за создавање средина во која постои грижа, почит, задоволство и зајакнување на интерперсоналните релации помеѓу учениците, вработените и родителите кои имаат заеднички цели, при што се земаат предвид расположливите ресурси.

**Мисија**

***Реализација на современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на доживотно учење***

**Визија**

***ООУ,,Блаже Конески,,-Скудриње-училиште со современа,ефикасна и квалитетна настава,прилагодена на потребите и интересите на учениците во една безбедна и дисциплинирана средина.***

### 6. „LESSONS LEAMED“ - Веќе научено/стекнати искуства
### СИЛНИ ИЛИ ДОБРИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

- ✓ Стручен и компетентен наставен кадар подготвен за промени
- ✓ Професионално водство од менаџерскиот тим
- ✓ Поголем број наставници оспособени за работа со компјутери
- ✓ Споделена визија и јасно определени цели и задачи
- ✓ Обучен тим за обука на наставници за примена на активните методи во наставата и други интерни и екстерни семинари и обуки
- ✓ Висок степен на соработка помеѓу стручната служба ( педагог), директорот и наставно-воспитниот персонал.
- ✓ Воспоставен систем на следење на развојот и постигнувањата на учениците на релации (стручна служба - наставници, ученици, родители)
- ✓ Развивање филозофија на доживотно учење

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Тимот за изготвување на годишниот извештај за реализација на Годишната програма, се определи,потребите за промени да ги селектира од Развојниот план,а во следниве подрачја:
-**Организација и реализација на наставата; -Здрава училишна клима;**
**-Квалитетен наставен кадар; -Комуницирање и односи со јавноста;**
-**Одржување на училишните згради и околината.**

### Акциски планови

1.Поголемо учество на обуки и обезбедување на финансиска подршка на наставниците и стручните соработници за професионален развој.

2.Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на современи методи и техники за критичко размислување и решавањена проблеми.

3.Осовременување на наставата преку примена на ИКТ содржини со примена на нови наставни техники, технички средства за современа настава согласно Планот за евалуација на акционите планови.

| Задача | Критериум за успех | Инструменти | Индикатор за успешност | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Поголемо учество на обуки и обезбедување на финансиска подршка на наставниците и стручнитесоработници за професионален развој | 1.Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа 2.Подобрување на резултатите кај учениците | Листи за евалуација на реализираните нагледни часови Изготвена анализа од реализиранинагледни часови Листи за евалуација на реализирана дисиминација Анализа на евалуацијата на реализираните дисиминации | Подобрување на успехотна учениците од примената на стекнатите знаења и вештини | Директор Стручни соработници | Изготвена анализа од реализирани нагледни часови и дисиминации, годишен извештај за работа на училиштето |
| 2. Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на современи методи и техники за критичко размислување и решавање проблеми | 1.Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа 2.Подобрување на резултатите кај учениците | Листи за евалуација на реализираните нагледни часови Изготвена анализа од реализиранинагледни часови Листи за евалуација на реализирана дисиминација Анализа на евалуацијата на реализираните дисиминации | Подобрување на успехотна учениците од примената на стекнатите знаења и вештини | Директор стручни соработници, Координатори на тимовите во училиштето | Изготвена анализа од реализирани нагледни часови и дисиминации, годишен извештај за работа на тимовите и годишен план за работа на училиштето |
| 3. Осовременување на наставата преку применана современи технички средства и ИКТ | 1.Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа 2.Подобрување на резултатите кај учениците | Листи за евалуација на реализираните нагледни часови Изготвена анализа од реализиранинагледни часови Листи за евалуација на реализирана дисиминација Анализа на евалуацијата на реализираните дисиминации | Подобрување на успехотна учениците од примената на стекнатите знаења и вештини | Директор стручни соработници, Координаторот на Тимотза унапредување на ИКТ вештините и Тимот за училиште на 21 век | Изготвена анализа од реализирани нагледни часови и дисиминации, годишен извештај за работа на тимот за унапредување на ИКТ вештините и Тимот за 21 век и годишен извештај за работата на училиштето |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### *8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште*

ООУ„Блаже Конески“- Скудриње работеше согласно календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2024/2025 година, како и измена и дополна на календарот за учебната 2024/2025 година
Според календарот првото полугодие се реализирани 83 работни денови

### *8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите.*

Наставата се реализира во 16 паралелки кои имаа назначени одделенски раководители, а наставниците имаа поделба на часови согласно критериумот за стручна компетенција за наставниот предмет, а на огласна табла беше истакнат распоредот на часови според работен ден во неделата и според наставник. (Внесени во претходната табела )

### *8.3. Работа во смени*

Централното училиште во Скудриње работи во две смени,кои се менуваа секоја недела.
Во подрачното училиште во Присојница исто така се работи во две смени,а во ПП во Аџиевци се работи во една смена..
Наставата се одвиваше согласно Пророколот за работа на основното училиште,предложен од Комисијата за здравство на РСМ.
Согласно прогласување на кризната состојба од Владата на Република Северна Македонија, Директорот донесе Одлука за порационално користење на електричната енергија, а со тоа до укинување на одлуката на владата Прва смена во Скудриње работи Предметна настава, а втора Одделенска настава со цел заштеда на електрична и топлинска енергија.

### *8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

Наставата во нашето училиште се реализира на македонски наставен јазик.

### *8.6. Комбинирани паралелки*

Наставата во Присојница се реализираше во две комбинирани паралелки (II-III, I-IV) , исто така и во Аџиевци една паралелка (I,III,IV,V)

### *8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Како прв странски јазик во нашето училиште се изучуваше Англиски, за втор странски јазик се изучува Италијански, а како изборен во III, IV, V, VI,VII одделение контуирано се изучува Јазик и култура на турците.

### *8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Во учебната 2024/2025 год наставата по физичко ја реализираа:
I - одд.Асана Билали, II одд Дашмир Бардуљ и Сеит Сејдију, III odd. Семир Абдули IV одд - Мустафа Велију V одд. - Ариф Јонузоски, пота во I- Присојница Шефкија Рамаданоски,II - Шефкија Рамаданоски.III - Урфетка Муратоска,IV Семина Ајроска,а втор наставник Азра Зунуни и Санида Рамаданоска, додека во Аџиевци I, II, III одд.ја реализираа Емир Мирто и Азра Зунуни.

### *8.9. Изборна настава*

Согласно наставниот план за основно образование и оваа учебна година согласно анкетите како изборни предмети се изучуваа:

| Изборен предмет | одделение | Наставник |
|---|---|---|
| Етика на религии | VI - одд. | Мухамедали Мурати |
| Финансиска писменост | VII - одд | Асмер Ахмедоски |
| Танци и народни ора | VIII - одд. | Салмедин Елези |
| Програмирање | IX - одд. | Бехим Јакупоски |
| Јазик и култура на турците | III – VII одд | Салмедин Елези |
| Слободни изборни предмети | V - одд | З.Азра, С.Алмедина, Р.Санида |

### *8.10. Дополнителна настава*

*Дополнителната настава се изведуваше согласно Законот за основно образование во сите одделенија и предмети.Годишниот план за секое одделение и наставен предмет е составен дел на планирањата на наставниците,а распоредот е истакнат во наставничка канцеларија и холот на училиштето.*
*Учениците во прво и четврто одделение немаат додатна и дополнителна настава и ќе работат по нова наставна програма.*

### *8.11. Додатна настава*

*Додатната настава се изведуваше согласно Законот за основно образование по сите одделенија и предмети,освен во прво и четврто одделение*
*Годишниот план за секое одделение и наставен предмет се составен дел на планирањата на наставниците,а распоредот е истакнат во наставничка канцеларија .*

### *8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

Оваа активност ја реализираа сите наставници со поголем осврт на учениците кои изразуваа посебна желба и талент за учество на културни манифестации, спортски натпревари, училишни, општински, регионални и државни натпревари.

### *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

*Оваа учебна година во соработка со родителите и одделенските наставници ООУ во Скудриње ќе се подготви посебна програма за еден ученик со потешкотии и еден ученик од седмо одделение со сериозни здраствени проблеми кои не му дозволуваат посета на училиштето и секаква комуникација со наставничкиот персонал и стручната служба. Програмите се изготвени од одделенските наставници и истите ќе ги одобри Тимот за инклузивно образование и Тимот за поддршка на учениците со посебни потреби.*

### *8.14. План на образовниот медијатор*

*Во почетокот на Септември е побарано образовни медијатори за лицата со посебни потреби од страна на ОУ,,Златан Стремац,-Скопје,кое е определено од страна на МОН како ресурсен центар за образовни медијатори за Општина Маврово и Ростуше.*

## 9. Вoннаставни активности

### *9.1. Училиштни спортски клубови*

*Спортскиот клуб Костен при нашево училиште од 2023 година работи со сите потребни документи и активна жиро сметка. Основан е во 2010 година и со него раководи наставникот по физичко образование,Мухамед Јонузоски,а има екипи за футсал,одбојка и ракомет.*
*Во досегашниот период клубот се финансира со средства од родителите и аставниците.*
*Во тек е реизбор на ново претседателство, и отворање на нова жиро сметка со што се отвара патот за профункционирање на овој спортски клуб и добивање на финансиски средсва од локално и државно ниво како и од Агенцијата за спорт.*
***Континуирано во училиштето работат:*** *Литературна секција, Математичка секција, Музичко фолклорна секција, Ликовна секција, Спортска секција, Млади биолози, хемичари и физичари, хор и оркестар, млади .историчари, млади географичари.*
*Секциите својата програма ја реализирааво договор со учениците – групата и според потребите.Секој одговорен наставник води список на членовите и евиденција за постигањата.*

## 10. Реализирани натпревари на учениците

*Во текот на учебната година нашето училиште реализираше и учествуваше на повеќе натпревари кои беа организирани од акредитирани друштва на ниво на држава и натпревари, конкурси организирани од општината.*

*Во досегашниот период се истакнаа наградите добиени на новогодишниот натпревар до трето одд по математика, втора награда, футсал втора награда на регионално ниво.*

## 11. Унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција

*Овие активности за периодот од првото полугодие се реализираа согласно Годишните програми за работа на наставниците внесени во своите Годошни глобални и Тематски планирања.*

## 12. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во текот на учебната година продолжија да се реализираат следниве проекти:

1. Меѓуетничка интеграција во образованието;-Мустафа Велију,
2. Еко училиште - Медат Арслани
3. Антикорупциска едукација на учениците – Фикрет Максути.
4. Модернизација и санација на просторните услови

## 13.Подршка на учениците

**Постигнување на учениците, Професионална ориентација и Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**

## 14. Оценување

*Согласно Законот за основно образование,следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и екстерно проверување.*

*Интерното се одвиваше континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди:прво тромесечие,прво полугодие,второ тромесечие и крајот на учебната година. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваа описно и бројчано.*

*Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно, а од третиот период ( VII – IX одд. ) се оценуваат бројчано со оценки од ( 1 ) до ( 5 ).*

*Учениците се оценуваа усно и писмено според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.*

*На крајот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година,по завршениот Наставнички совет и заклучување на успехот на учениците, одделенските раководители веднаш свикуваат родителски средби за да ги информираат родителите за успехот,редовноста, дисциплината на учениците во тектот на првото полугодие.*

*Успехот на учениците е даден во прилог на овој извештај*

## 15. Безбедност во училиштето

Во текот на учебната 2024/2025 година во рамките на безбедноста во училиштето се реализираа следните активности:

Согласно Оперативниот план за заштита и спасување во вонредни услови училиштето формира тимови и екипи за заштита и превенција:

| | |
|---|---|
| 1 | Тим за безбедност и здравје при работа |
| 2 | Тим за противпожарна заштита |
| 3 | Екипа за прва помош |

- ✓ Согласно со Планот училиштето изведе симулација на заптита и спасување од елементарна непогода – земјотрес.
- ✓ Се запознаа со планот за евакуација
- ✓ Се запознаа со средствата за гаснење на пожар
- ✓ Извршено е предавање на тема: Врсничко насилство, препознавање и превенција
- ✓ Запознати се учениците од сајбер напади и актуелните случување со подметнување на бомби во училиштата – разговор и преземање на превентивни мерки со препорака од полициска станица – Ростуше и назначување на одговорни за итна комуникација и преземање на оперативни дејства согласно Оперативниот план за евакуација и Тимовите за спасување во училиштето

## 16. Грижа за здравјето

### *16.1. Хигиена во училиштето*

Хигиената во училиштето се спроведуваше согласно Методологијата за одржување на училиштата и Протоколите од Комисијата за здравство на РСМ.

### *16.2. Систематски прегледи*

